Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 24/0306
28.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 01 февруари 2022 година, врз основа на примена жалба од „Субверзивен фронт“ со ново име „КВИР ЦЕНТАР“ Скопје – Здружение за сексуални и родови малцинства за интернет порталот „Мама.Гламур.мк“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 11 јануари 2022 година, „Субверзивен фронт“ со ново име „КВИР ЦЕНТАР“ Скопје – Здружение за сексуални и родови малцинства поднесе жалба за текстот со наслов „ Милан Станковиќ фатен во ге.ј афера: Пејачот барал партнер на апликацијата за брз секс, исплива дел од преписката! (Фото) “, објавен на 11 јануари 2022 година, на интернет – порталот „Мама.Гламур.мк“ (mama.glamur.mk).

Во жалбата се наведува дека во спорната содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: Неточно и нефер известување, незастапена втора страна, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Дополнително, жалителот истакнува дека со објавување на информации и наслови на содржини, на начин како во спорната содржина, недвосмислено медиумот ја доведува во заблуда јавноста, пласирајќи дезинформации. Жалителот посочува дека е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1, 2, 4, 5 и 10.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „Мама.Гламур.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговорниот уредник на медиумот, Горан Младеновиќ, одговори на наводите на жалителот „Субверзивен фронт“ со ново име „КВИР ЦЕНТАР“ Скопје – Здружение за сексуални и родови малцинства, и го прифати процесот на медијација. Во одговорот се наведува дека ја прифаќа жалбата, но не целосно. Потврдуваат дека во спорната содржина има елементи на прекршување на Кодексот и дека постои ненамерна грешка во врска со насловот и дека истата е исправена и дека сега јасно укажува за што станува збор во спорниот текст.

*„Точно е дека во спорната содржина има елементи на прекршување на Кодексот - постои ненамерна грешка од наша страна во врска со насловот и истата е исправена, така што сега јасно укажува за што точно станува збор во текстот.*

*Нов наслов на текстот:*
*Милан Станковиќ во геј афера? Негови фотографии објавени на апликација за запознавање*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*Во прилог на горенаведеното, следат неколку наслови што беа објавени во соседството, а кои се однесуваат на истата вест:*
*MILAN STANKOVIĆ U GEJ AFERI Slike osvanule na LGBT sajtu, evo šta se dogodilo pevaču (Blic.rs),*
*Gej skandal potresa estradu: Slike Milana Stankovića osvanule na LGBT sajtu (Nova.rs),*
*SKANDAL! STANKOVIĆ U GEJ AFERI! Milan završio na aplikaciji za brzi s*ks: Evo šta se desilo pevaču! (FOTO)(Kurir.rs),*
*SKANDAL! Milan Stanković završio na GEJ APLIKACIJI! (Pink),*
*MILAN STANKOVIĆ PONOVO U EPICENTRU GEJ SKANDALA!? Pevač završio na aplikaciji za upoznavanje, pojavile se poruke ... (Republika)*

*Што се однесува до содржината на текстот, во истиот јасно е наведено дека не станува збор за истото лице, туку за некое трето лице кое се претставува како него. Впрочем за тоа може да се заклучи и од следниве реченици: „Овој пат, ни крив ни должен, пејачот се најде на тапет“, „лицето кое се претставувало како пејачот“... Понатаму во текстот се наведува конкретно дека истото тоа лице кое се претставувало како пејачот, користел негови фотографии, односно во текстот јасно се кажува дека неговите фотографии се споделуваат на наведената апликација, но е посочено дека истите не ги споделува лично пејачот, туку некој што се претставува со негово име и презиме. Од друга страна, на нашиот портал не само што е строго забрането ширење говор на омраза кон малцинските групи и нема никаков дискриминирачки однос кон припадниците на ЛГБТ популацијата, туку ние и многу често објавуваме афирмативни текстови за овие лица, но и посочуваме на проблемите со кои истите се соочуваат во нашето општество. Тоа впрочем може да се види и од текстовите кои беа објавени во последните неколку дена, а се однесуваат за трансродовото лице кое што е дел од едно популарно шоу во регионот, и за кое секогаш афирмативно пишуваме со цел да ја кренеме свеста кај читателите за сето она низ кое што поминуваат припадниците на оваа група, но воедно и да посочиме дека е недозволиво истите да бидат дискриминирани.*
*Впрочем тоа може да се види и од пораката што понекогаш знаеме да ја објавиме како предупредување под ваквите текстови: Порталот www.Glamur.mk го поттикнува коментирањето на објавите, но само ако истото е во склад со основните правила и цивилизираното однесување. Не толерираме расизам, сексизам, хомофобија или други облици на ширење на говор на омраза и сите коментари што на било кој начин можат да се протолкуваат како такви, ќе бидат „снимени“ и истите би можеле да бидат проследени до надлежните органи. Никој нема право да навредува друго лице со погрдни зборови, а посебно на основа на неговиот сексуален идентитет, религија или националност.*
*Изразување на било какво мислење што преставува злоупотреба, агресија, закана или говор на омраза ќе биде санкционирано.*
*Како и да е, бидејќи е направен превид од наша страна, во однос на насловот на текстот, кој во меѓувреме е исправен (додадени се и неколку поднаслови кои посочуваат дека некој*

*го злоупотребил неговиот идентитет), Од друга страна, ние сме портал со забавни содржини, а не информативен портал, и доколку не објавуваме вакви текстови, кои во принцип ги објавуваат сите поголеми медиуми во регионот кои имаат забавни рубрики, на кој начин тогаш би им биле конкуренција и би опстојувале на пазарот?!*
*Како портал покрај информациите што им ги нудиме на читателите за мода и во лајфстајл рубриките, основна цел ни е да создадеме наша македонска сцена.*
*Токму затоа објавуваме и текстови за наши познати лица од јавниот живот, кои многупати останатите медиуми ги преземаат од нас, и доколку истите не бидат објавени со интересни и впечатливи наслови, впрочем како што тоа го прават и сите останати медиуми со забавна содржина во целиот свет, нема да бидат видени во морето вести што секојдневно се споделуваат на социјалните мрежи. И тогаш како и на кој начин ќе допринесеме за развој на нашата сцена?*
*Ве информираме дека Ви стоиме на располагање и очекуваме да не известите за Вашата одлука и кои се понатамошните чекори што треба да ги направиме.“*

Жалителот го прифати процесот на медијација со упатеното појаснување од интернет порталот и извршената корекција.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмети Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595